СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

MEMBER OF
fdi
FDI World Dental Federation

**Бр. 02-832/11**

Скопје, 21.08.2021 година

Врз основа на член 27 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 118/2021),* Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на својата **22-ра седница**, одржана на **ден 21.08.2021 година,** ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за**
**изменување и дополнување на Одлуката за начинот на пресметување и исплата на трошоци за присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-873/3 од 26.12.2014 година, донесена од Извршниот одбор на Комората**

**Член 1**

Се менува и дополнува Одлуката бр. 02-873/3 од 26.12.2014 година донесена од Извршниот одбор на Комората, така што во **член 8, точка 3,** по зборот износи, се додаваат зборовите:

-на територијата на Град Скопје, износ од 300,00 денари;

- во член 8, точка 3, став 1 кој станува став 2, бројот 1.200,00 се заменува со бројот 1.500,00;

- во член 8, точка 3, став 2 кој станува став 3, бројот 1.500,00 се заменува со бројот 1.800,00;

- во член 8, точка 3, став 3 кој станува став 4, бројот 1.700,00 се заменува со бројот 2.100,00;

- во член 8, точка 3, став 4 кој станува став 5, бројот 2.200,00 се заменува со бројот 2.500,00.

**Член 2**

Во сѐ останато, Одлуката на ИО бр. 02-873/3 од 26.12.2014 година останува непроменета.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе започне да се применува од 01.09.2021 година.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË SHKUP СКОПЈЕ

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENATL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје

(02) 3246 851/852

Бр. 02-873/3
**26. 12. 2014 година**

Врз основа на член 28 став 2 алинеи 13 и 14 од Статутот на СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА Скопје,Извршниот одбор на СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, на седницата одржана на ден 26.12. 2014 година, донесе

# ОДЛУКА

## за начинот напреметување и исплата на трошоци за присуство и учество на членовите во работата на органите и телата во СтоматолошкатаКоморана Македонија, Скопје

### Член 1

Со оваaОдлука се утврдува начинот на преметување и исплата на трошоци за присуство и учество на членовите во работата на органите и телата во СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА Скопје (вонатамошниоттекст: Комора).

### Член 2

Потребата од закажување седница односно состанок на определен орган или тело на Комората, ја утврдува лицето кое раководи со органот односно телото со посебна одлука, согласно Статутот и другите акти на Комората.

### Член 3

Со цел евиденција и организирање на административните работи околу закажаните седници односно состаноци на органите и телата на Комората и присуството и учество на истите од страна на членовите, како и евидентриање и контролирање на документацијата поврзана со направените трошоци од страна на членовите поврзани со нивното присуството и учество на седниците односно состаноците на органите и телата на Комората,претседателот на Комората овластува едно или повеќе лица од Стручната служба на Комората, да ги вршат споменатите работи.

### Член 4

(1) Врз основа на одлукатаод член 2 на оваа Одлука,овластеното лице од член 3 на оваа Одлука,изготвува список на членови кои присуствувале и учествувале во работата на органите и телата на комората.

(2) Врз основа на списокот од ставот 1 на овој член се врши пресметка на трошоците кои треба на определен член да му се исплатат поради негово присуство и учество во работата на орган или тело на комората.

**Член 5**

Трошоците поврзани со присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората опфаќаат трошоци за:

- Сместување;
- Исхрана;
- Превоз; и
- други услуги поврзани со истото.

**Член 6**

(1) Трошоците за сместување поврзани со присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората, се пресметуваат врз основа на платена сметка за хотел со категорија до четири ѕвездички.

(2) Членот кој при присуство и учество во работата на органите и телата на Комората, направил трошок согласно ставот 1 на овој член, должен е најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на седницата односно состанокот на органот односно телото каде присуствувал, да достави оргинал(копии) од платени сметки со сметко-потврди,фактура и сл. документација за направените трошоци.

**Член 7**

(1) Трошоците за исхрана поврзани со присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората се пресметува во висина на реално потрошените средства за еден оброк во текот на денот.

(2) Членот кој при присуство и учество во работата на органите и телата на Комората, направил трошок согласно ставот 1 на овој член, должен е најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на седницата односно состанокот на органот односно телото каде присуствувал, да достави оргинал(копии) од платени сметки со сметко-потврди, фактура и сл. документација за направените трошоци.

**Член 8**

(1) Трошоците за превоз поврзани со присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората се пресметуваат во висина на цената од патничката тарифа за автобуски односно железнички превоз.

(2) Трошоците за превоз во местото на службеното патување се пресметуваат во висина на цената на користеното средство за јавен превоз.

(3) Трошоците за превоз поврзани со присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората, со користење на сопствено возило, се пресметуваат во износ согласно далечината на местото од кое доаѓа членот, изразено во километри, а со следните износи

- за далечина до 100 километри во две насоки, износ од 1.200,00 денари;

- за далечина од 101 километар до 200 километри во две насоки, износ од 1.500,00 денари;
- за далечина од 201 километар до 300 километри во две насоки, износ од 1.700,00 денари;
- за далечина над 301 километри во две насоки, износ од 2.200,00 денари.

(4) По исклучок, се признава реална цена на такси превоз, за превоз во случаикога користењето на такси превоз е неопходен за присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората, а врз основа на приложена документација.

(5) По исклучок од ставот 3 на овој член, во случај определен орган или тело да одржува работен состанок во друг град во Република Македонија, а членот да направил трошок за превоз по регионален пат или пат каде нема патарина, како надоместок за трошок за превоз му се исплаќа износот од став 3 алинеја 2 на овој член.

(6) Членот кој при присуство и учество во работата на органите и телата на Комората, направил трошок согласно став 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член, должен е најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на седницата односно состанокот на органот односно телото каде присуствувал, да достави оргинал(копии) од платени сметки, патарини, сметко-потврди или карти од користен автобуски превоз за направените трошоци.

**Член 9**

(1) Други трошоци кои ќе настанат, а се поврзани со присуство и учество на членовите во работата на органите и телата на Комората, како што се: трошоци за паркинг на возило, трошоци за користење на телефон/телеграма, трошоци за изнајмување на опрема или просторија, трошоци за интернет и слични трошоци, се пресметуваат врз основа на реална сметка.

(2) Трошоците од став 1од овој член се признаваат доколку се претходно писмено најавени од страна на членот и по одобрување на Претседателот на Комората, а врз основа на приложена документација.

(3) Членот кој при присуство и учество во работата на органите и телата на Комората, направил трошок согласно ставот 1 на овој член, должен е најдоцна во рок од пет дена од денот на одржувањето на седницата односно состанокот на органот односно телото каде присуствувал, да достави оргинал(копии) од платени сметки со сметко-потврди, фактура и сл. документација за направените трошоци.

**Член 10**

(1) Трошоците определени со членовите 6, 7, 8 и 9 од оваа Одлука, им се исплаќаат исклучиво на членовите на органите и телата на Комората чиешто место на живеење е надвор од населеното место каде се одржува седница односно состанок на органот односно телото на Комората.

(2) Трошоците определени со членовите 8 и 9од оваа Одлука, им се исплаќаат исклучиво на членовите на органите и телата на Комората чиешто место на живеење е оддалечено повеќе од три километри од местото како се одржува седница односно состанок на органот односно телото на Комората.

(3) На членовите од кои ги исполнуваат условите од став 2 на овој член, не им се исплаќаат трошоци утврдени во член 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА Скопје**
**ИЗВРШЕН ОДБОР**
**Претседател**

**Д-р Маријан Денковски**